Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 576 www.mchamber.mk 22.11.2024

# Бизнисот не толерира корупција – Комората потпиша договор за соработка со Транспаренси Интернешнл Македонија




## Азески-Улусој: Приоритет е натамошно развивање на билатералните економски односи меѓу С. Македонија и Турција



26.11.2024, Обука Еднодневна обука на тема: INCOTERMS 2020 – СЕ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА

27.11.2024, Конференција Покана за учество на меѓународна купувачка Б2Б мисија „Tech Industry 2024" во Рига, Латвија,

27.11.2024, Обука Еднодневна бесплатна обука на тема БИЗНИС ИНТЕГРИТЕТ,

04.12.2024, Семинар SALES CLOSING - СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ, КАКО ДА СЕ ПРИВЛЕЧЕ И ЗАДРЖИ ДОБАР ПРОДАЖЕН КАДАР

05.12.2024, Форум РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС ФОРУМ ВО НОВИ САД, СРБИЈА

10.12.2024, Семинар Еднодневна специјалистичка обука на тема: КАКО ЕФЕКТИВНО ДА СЕ УПРАВУВА СО ПРОЦЕСОТ НА ПРОДАЖБА

11.12.2024, Семинар ПРАВНИ ПОСТАПКИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

IGM trade · ВИТАМИНКА · МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР · ПЕКАБЕСКО · КОЖУВЧАНКА · MERMEREN Kombinat · T

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители

МАКПРОГРЕС · OKTA · ZAN MITREV CLINIC · CROATIA OSIGURANJE · scalefocus · ComfyAngel · Qinshift · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ · Duna · Comodita HOME · Swisslion · AllianceOne · SOCOTAB




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk

https://www.twitter.com/Chamber_MK

https://www.youtube.com/user/MKChamber

https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# СТОПАНСКАТА КОМОРА ОБЕЗБЕДУВА БЕСПЛАТНА КОНСУЛТАНТСКА И ПРАВНА ПОМОШ ВО СРБИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија, врз основа на воспоставена соработка со адвокатска канцеларија од Белград, им нуди можност на македонските извозници и сите останати правни лица кои имаат деловни релации на српскиот пазар, бесплатно да добијат консултантски и правни услуги, правна поддршка, толкување на закони и правно советување на територијата на Република Србија.

Комората ги повикува сите компании кои се заинтересирани да ја користат оваа услуга, а кои се активни членки на Комората (кои ја имаат регулирано својата членарина за 2024 година), да се обратат во Стопанската комора.

Адвокатската канцеларија CVP Legal нуди правни совети, консултации на членките на Комората, а во врска со српската правна регулатива, вклучувајќи но не и ограничувајќи се на трговското, даночното, трудовото право, како и други релевантни области на правото, но и да ги застапува компаниите пред српските судови, институции и регулаторни тела, ако за тоа се јави потреба.

Лице за контакт во Комората: д-р Татјана Штерјова Душковска, 070/276-023

# ОСТВАРЕНА СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНИ КОМПАНИИ СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПРИСТАНИШТЕТО ВО КАВАЛА, ГРЦИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за транспорт и врски на РСМ организираше работна средба пред 10-тина македонски извозни компании со претставници од Пристаништето во Кавала, Грција.

Средбата ја отвори д-р Јелисавета Георгиева Јовевеска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија, која на присутните компании им укажа благодарност за интересот за користење на услугите на пристаништето во Кавала.

Пред компаниите, извршниот директор на Пристаништето во Кавала, Ангелос Влахос, ги презентираше можностите и поволностите кои ги нуди пристаништето во Кавала. Влахос напомена дека во моментот истото е во државна сопственост, и за кое постои план на почетокот од наредната година да се приватизира. Исто така, информираше дека пристаништето располага со капацитет кој може да ги задоволи потребите на компаниите, со побрза и конкурента услуга за секаков вид на транспорт, со исклучок на контејнерскиот.

Комората континуирано работи на активности за отворање на нови можности и подобрување на конкуретнските предности за поголема промоција на македонските извозните компании со цел освојување на нови пазари преку вмрежување и воспоставување на трговски партнерства, како и преку поголема препознатливост и видливост на нашите производи на меѓународните пазари.

# Соработката со „Бехтел ЕНКА“ продолжува со презентации во Прилеп и во Битола за тендерските процеси и за зајакнување на учеството во локалниот синџир на снабдување

Како дел од континуираните активности за унапредување на локалниот синџир на снабдување на проектот за автопатиштата од Коридорите 8 и 10д, претставници на Конзорциумот „Бехтел ЕНКА“ ја презентираа платформата за соработка пред вработените во регионалните канцеларии на Стопанската комора на Северна Македонија во Прилеп и во Битола. Овие состаноци имаат цел подобро да ги објаснат водечките принципи на тендерскиот процес на „Бехтел ЕНКА“ за зајакнување на учеството на локалните компании во проектот за изградба на автопатишта, што до денес, според информациите на „Бехтел ЕНКА“, кулминира со приближно 90 % домашни компании од подизведувачите и со 65 % од добавувачите. Во рамките на соработката со Стопанската комора, оваа иницијатива е насочена кон транспарентна соработка и кон поблиско запознавање на компаниите членки на Комората заради појаснување на процесите за соработка при реализација на работните активности за изградба на посочените коридори, со вкупна должина од 111 километри. Објаснувањето на тендерскиот процес се однесува на работи, услуги и на стоки.

За време на состанокот беа дискутирани две клучни теми:

- Промоција на домашните компании: Стопанската комора и нејзините членки и претставниците на „Бехтел ЕНКА“ се согласија и нагласија дека интеграцијата на локалните ресурси и експертиза е од голема важност за успешно завршување на проектот.
- Процеси на соработка: постапки за учество на домашните компании во тендерските постапки и процеси на набавки.

Се разговараше за процедурите за подобрување на комуникациите и на транспарентноста во рамките на овие процеси, како и за надминување на потенцијалните бариери.

Конзорциумот „Бехтел ЕНКА“ преку оваа и преку големиот број средби со претставници на Стопанската комора ја потврдува својата намера да работи партнерски со домашните компании, но и да даде поддршка и појаснување во процесите на учество и на соработка. Од „Бехтел ЕНКА“ објаснија дека со






завршувањето на поголема експропријација ќе има повеќе работни фронтови и повеќе можности за домашните компании. Претставниците на Конзорциумот истакнаа дека се посветени на создавањето услови за ефектно вклучување на домашните компании, со што ќе се овозможи поттик за локалната економија.

Комората ја поздравува заложбата на Конзорциумот „Бехтел ЕНКА“, која ќе значи креирање простор за работа и зголемено учество на домашните компании, кое, пак, неизбежно ќе доведе до значителна економска придобивка.

Во следниот период Стопанската комора на Северна Македонија заедно со „Бехтел ЕНКА“ ќе продолжи со организирање работни состаноци и презентации во регионалните канцеларии на Комората во Штип, Кавадарци и во Кичево. Овие активности ќе овозможат пошироко вклучување на локалните компании во изведбата на овој проект од национална и стратегиска важност.

За повеќе информации заинтересираните компании можат да се обратат на следните електронски адреси:

- за општи информации: info@beuk.mk
- за информации поврзани со набавки: procurement@beuk.mk
- за информации за подизведувачи: subcontracts@beuk.mk

# Иновации во арбитражата-Меѓународна конференција за дигитализацијата во арбитражните постапки




На 15.11.2024 година во Софија, се одржа меѓународна арбитражна конференција во организација на Арбитражниот суд при Бугарската трговско-индустриска комора на која како панелист учествуваше Ана Смилевска, генерален секретар на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија.

Главната тема на овогодишната конференција беше „Правните аспекти на дигитализацијата на активностите на постојаните арбитражни институции и дигитализацијата во арбитражните постапки“, а се говореше и за влијанието на вештачката интелигенција во арбитражниот систем, преку користењето на дигиталните алатки за комуникација (видео-конференции, е–маил комуникација, специјализирани софтвери за размена на документи, е-достава на документи) се со цел унапредување на арбитражните постапки. Учесниците на оваа меѓународна конференција имаа можност да дискутираат за предизвиците и предностите со кои се соочуваат при примената на дигиталната технологија во арбитражните постапки.

Конференцијата ја отвори претседателот на Бугарската трговско-индустриска комора, г-дин Цветан Симеонов, а со свои излагања настапија и претставници од Бугарската арбитража, Виенскиот арбитражен центар, претставници од арбитражниот суд од Украина, еминентни судии, адвокати од Бугарија, како и правници специјализирани за арбитражни постапки.

Генералниот секретар на Постојаниот избран суд – Арбитража, во своето излагање даде краток осврт на целосно имплементирана онлајн постапка која е спроведена пред оваа арбитражна институција, за време на кризата со корона вирусот, во спор со меѓународен елемент, изложувајќи ги предностите и предизвиците со кои се соочиле во текот на постапката, применувајќи ја модерната технологија, дигитализацијата со примената на електронска комуникација помеѓу странките, прифаќање и користење на е –достава, спроведување на онлајн рочишта, онлајн сослушување на сведоци и вешти лица, доставување на онлајн пресуда, се со цел намалување на должината (траењето) на постапката, како и намалување на трошоците на арбитражната постапка.

Во дискусијата што следеше, учесниците се согласија дека дигиталните алатки можат значајно да ја зголемат ефикасноста во арбитражните постапки. Влијанието на вештачката интелигенција, примената на новите технологии и дигитализацијата може значајно да ги забрзаат арбитражните постапки, намалувајќи ја потребата за физичко присуство на состаноци, овозможувајќи брза размена на документи и намалени трошоци на постапките.



# Бизнисот не толерира корупција – Комората потпиша договор за соработка со Транспаренси Интернешнл Македонија




Бизнис заедницата сè повеќе препознава дека корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење на правото, раст и стабилност на конкурентна пазарна економија, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик.

Токму во насока на зајакнување на напорите и заложбите во борбата против корупцијата и подигнување на свеста за нејзиното влијание врз бизнисот, се официјализира соработка помеѓу Стопанската комора на Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл-Македонија, преку договор за соработка потпишан од двајцата претседатели Бранко Азески и Благоја Пандовски.

Ставот на Стопанската комора во однос на прашањето за криминалот, корупцијата и сивата економија е толеранција нула – истакна Азески на прес-конференцијата по потпишување на договорот.



„Олеснување на работењето на правните субјекти нема да има сè додека не се елиминираат митото и корупцијата. Институциите мора да се заложат за откривање на причините на ваквата појава и затоа е потребно да се постигне општ консензус за нејзино целосно искоренување“, истакна претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески пред новинарите.

Претседателот на Транспаренси Интернешнл-Македонија Благоја Пандовски ја истакна досегашната плодна сороботка преку изготвување на Кодекс за деловна етика, најпрво на акционерските друштва, а потоа и на малите и средни претпријатија, како и успешниот проект „Нулта толеранција за корупција“ за најефикасно корпоративно управување и додаде дека потпишувањето на овој договор ќе придонесе за зголемување на интегритетот на бизнис секторот и ќе ги зајакне напорите за сузбивање на корупцијата во деловното работење.

„Поради тоа неопходно е да побараме помош од Европската Унија, особоено на прашањата за инфраструктурата, владеењето на право, прашања околу корупцијата, како повторно би биле атрактивни за инвестирање“, додаде Азески.

Заеднички беше констатирано дека борбата против корупцијата бара ангажираност на сите нивоа во општеството, затоа од исклучителна важност е сите релевантни институции да преземат активности во рамките на своите надлежности и да ја зголемат својата ажурност. Само заедничка борба и координација може да даде конкретни резултати за институциите да бидат вистински сервис за граѓаните и бизнисот и како повторно би биле атрактивни за инвестирање.

БИЗНИС ИНФО 

# Претседателот Азески на средба со Бјорн Габриел, претставник на Европската инвестициска банка




Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески со своите соработници оддржа работна средба со Бјорн Габриел, претставник на Европската Инвестициона Банка на која се дискутираше за тековните проекти на ЕИБ во нашата држава и за можностите за зајакнување на соработката.

Азески истакна дека Стопанската комора е силен поддржувач на долгогодишната посветеност на ЕИБ преку финансирање на мали и средни претпријатија, на транспортни, енергетски и на инфраструктурни проекти што се од економско значење за домашната економија и регионалното поврзување.

Здравите економски политики и поволната деловна клима се клучните елементи за раст на приватните инвестиции, а за развој на една економија на среден рок мора да се имаат клучните аспекти – подобрување на инфраструктурата, зголемување на извозот и на инвестициите истакна Азески. Потребно е владеење на правото, предвидлива рамка за дејствување, транспарентно носење на законски прописи кои го засегаат работењето на компаниите, како и повеќе зелени и дигитализирани компании за поголема профитабилност и продуктивност - додаде претседателот на Стопанската комора.

Азески го информираше соговорникот дека Комората е силно фокусирана на посветеноста на Европската комисија преку Планот за раст на Западен Балкан да го забрза процесот на пристапување и економската конвергенција на економиите од регионот кој вклучува долгорочна стратегија за регионално поврзување, понепречена зелена транзиција, и поттикнување на развивање на приватниот сектор.

Бјорн Габриел потенцираше дека ЕИБ традиционално е долгогодишен партнер на земјата обезбедувајќи 1,6 милијарди евра до денес за изградба на нови патишта, железници, енергетски и водни мрежи, истовремено придонесувајќи кон растот на малите и средни претпријатија (МСП).

Во приватниот сектор, соработката помеѓу РБСМ и ЕИБ Глобално овозможи до денес да се доделат 601 милиони евра за поддршка на повеќе од 2.420 локални компании.

ЕИБ останува силен партнер на Северна Македонија, при што преку нивната мрежа на партнерски банки ги поддржуваат малите и средните претпријатија, кои претставуваат 60 отсто од вкупното кредитирање на ЕИБ во земјата, а преку нивните наменски кредитни линии поддржале преку 2.500 проекти во различни сектори. Во однос на новите проекти што имаме намера да продолжиме да ја поддржуваме изградбата на железничките делници на Коридорот VIII, развојот на малите и средните претпријатија и новите проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност, кои се од стратешко значење за зелената транзиција на земјата – истакна претставникот на ЕИБ во земјава.

На крајот на средбата заеднички беше констатирано дека одличната соработка во изминатиот период која резултирашр со подготовка на Водич за декарбонизација за приватниот сектор ќе продолжи и во иднина.

Европската инвестициона банка е институција за кредитирање на Европската Унија и е една од најголемите мултилатерални финансиски институции, не само во Европа, туку и во целиот свет.

# Азески-Улусој: Приоритет е натамошно развивање на билатералните економски односи меѓу С. Македонија и Турција




Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески оствари средба со амбасадорот на Република Турција Н.Е. Фатих Улусој. На средбата, на којашто присуствуваа и реномирани компании – членки на Комората, беа разменети мислења за севкупните билатерални односи, коишто се традиционално пријателски, со фокус на дополнително подигнување на нивото на економска соработка, како и создавање можности и уште поинтензивна трговска размена и инвестиции.

Претседателот Азески ја изрази посветеноста на Комората за унапредување на економските односи меѓу двете држави, за мотивирање на нови турски инвестиции во земјава и за зголемување на трговската размена, којашто и сега е на високо ниво, со оглед дека Република Турција е меѓу десетте држави со коишто Република Северна Македонија има најголема трговска размена. Азески ја нагласи и улогата и придонесот на турските инвеститори во севкупниот развој на државата потенцирајќи дека станува збор за конструктивни носители на економските процеси адекватно вклопени во нашиот систем носејќи позитивни корпоративни вредности. Во натамошниот период треба да се фокусираме на потребата за создавање на неопходните услови за интензивирање на соработката меѓу бизнисите од двете држави, со цел искористување на сите потенцијали кои се во насока на креирање на економски напредок и поттикнување на повеќе турски инвестиции во земјава – нагласи Азески.

Турскиот амбасадор Фатих Улусој од своја страна изрази уверување дека Турција и во иднина ќе биде конструктивен партнер и поддржувач на нашата држава на билатерален и на мултилатерален план, истакнувајќи ја севкупната поддршка што Турција ја дава од првите денови на македонската независност и својата посветеност за натамошно унапредување на односите меѓу двете држави во сите сфери од заемен интерес.

Радува фактот што во полето на туризмот има исклучителен напредок кадешто најголем број на странски туристи во државава се од Република Турција, повеќе од 200.000 на годишно ниво, додека близу 50.000 македонски туристи ја посетуваат Турција во текот на годината.

За важноста на постоечките турски инвестиции врз економскиот развој на земјава говори фактот дека досега се вложени над 1,8 милијарди долари директни инвестиции од Република Турција коишто вработуваат повеќе од 10.000 локално население – истакна Н.Е. Улусој.

Дел од присутните компании претежно со турски капитал во земјава изразија свое мислење и дадоа свои препораки за подобрување на актуелните состојби и унапрадување на економските односи меѓу двете земји.

На крајот на средбата, двајцата соговорници се согласија за поттикнување на турските компании за инвестирање во Северна Македонија, надминување на потешкотиите со кои се соочуваат истите, можноста за започнување преговори за ажурирање на договорот за слободна трговија, настап и посета на македонски компании на купувачки мисии и саемски манифестации во Турција, како и организирање на македонско-турски бизнис форум со учество на турски и македонски компании во наредниот период.

# ПРОМОВИРАН НОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА ИЗВОЗ НА КОМОРАТА ПРЕД КОМПАНИИТЕ



Во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа седница на Клубот на извозници каде што беше промовиран новиот концепт за извоз на Комората каде ќе се третираат сите прашања поврзани со промоција и поддршка на извозот и извозните компании.

Седницата ја отвори Бранко Азески претседателот на Комората во улога на претседател на Националниот совет за извоз (НСИ), кој во своето излагање потенцираше дека Комората веќе извесен период работи на градење нов пристап и стратегија за поддршка на домашниот извозен сектор и домашните извозни компании преку нов концепт кој се базира на три меѓусебно поврзани столба и тоа:

1. НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИЗВОЗ (НСИ) којшто претставува национално и советодавно тело формирано во рамките на проектот: „Поддршка на приватниот сектор за регионална економска интеграција" кој Комората го спроведува во партнерство со Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД и платформа за јавно-приватен дијалогкоја ќе обезбеди институционална поддршка за компаниите со цел поголема интернационализација на македонскиот бизинис. Во Советот членуваат повеќе од 30 успешни извозни компании од различни извозни сектори како претставници на приватниот сектор и претставници на Владата и надлежни државни институции. Преку Советот се третираат прашањаповрзани со извозната конкурентност на земјата, форми за поддршка на извозните компании, трговска регулатива за олеснување на извозот и сл.

2. КЛУБ НА ИЗВОЗНИЦИ претставува специјализирано тело во рамки на новиот концепт за извоз на Комората кое ќе обезбеди организациска, техничка и логистичка поддршка на домашните извозници во насока на поголема извозна подготвеност и поголема извозна промоција на македонските компании и производи на регионалните и странските пазари. Клубот на извозници е најголема бизнис асоцијација претставник на домашните извозни компании и неговата улога е да ги застапува интересите на домашните извозници како значајни чинители за националната економија и

3. ИНСТИТУТ ЗА ИЗВОЗ претставува клучна алатка која треба да испорача стручна и експертска поддршка за компаниите преку Аналитички и Тренинг центар. Аналитичкиот центар преку изготвување на стручни анализи и истражувања ќе работи на идентификување на нови извозни можности за компаниите и преку конкретни форми на поддршка и модерни алатки ќе работи директно со компании во насока на изнаоѓање трговски партнери и воспоставување на бизнис релации со цел пристап до нови пазари и зголемување на извозната активност на постоечките пазари. Тренинг центарот ќе работи на градење поголеми човечки и менаџерски капацитети на извозно ориентираните компании преку специјализирани обуки и коучинг програми со реномирани домашни и странски експерти со цел да им помогне на македонските компании во делот на зголемување на конкуреноста, поголема видливост преку соодветни маркетинг активности и градење на бредови, поефикасно барање на трговски и бизнис партнери на страските пазари, подобро справување со институционалните и регулаторни барања за настап на конкретни пазари.

Азески додаде дека во периодот кој следи Комората во координација со Владата на РСМ и нејзините институции ќе разговараат за конкретни форми на поддршка за извозните компании, конкретен износ на средства од буџетот за таа намена, како и за институционалната форма на соработка помеѓу државата и приватниот сектор со цел успешна имплементација на националната стратегијата за извоз која треба да испорача поголем извоз и поголем економски раст на земјата во иднина.

Како дел од втората точка на дневен ред: Кадровски прашања д-р Лазаров даде предлог да за избор на уште двајца потпретседатели на Клубот покрај постоечкиот Анатол Кутревски од ПЕКАБЕСКО АД СКОПЈЕ со тоа што за потпреседатели едногласно од сите присутни членови на седницата се избрани:

Евгенија Ѓорѓиеска – ЛАМИНАТИ КОМ ДОО Прилеп

Зоран Н. Илиев - АКТИВА ДОО Штип

На седницата беше промовирана и дигиталната извозна платформа -EASY EXPORT, алатка креирана преку истоимениот проект на УСАИД која обезбедува корисни информации за извозните компании поврзани со надворешната трговија во делот на бази на податоци за трговски посредници по одделни пазари, законски и регулаторни барања, царински и нецарински бариери, повици за поддршка, корисни анализи и сл. Истовремено, во рамки од платформата EASY EXPORT произлегува и Директориум за извоз кој содржи дигитални профили за повеќе од 1.000 македонски извозни компании.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




26.11.2024 , Обука

# INCOTERMS 2020 – СЕ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА ВО НАДВОРЕШНОТО ТРГОВСКО РАБОТЕЊЕ

Во насока на суштинско разбирање на најупотребуваните термини во меѓународната трговија со кои се олеснува размената на стоки и кои помагаат да се избегнат недоразбирањата меѓу партнерите, Стопанската комора на Северна Македонија, организира семинар на тема: INCOTERMS 2020 – СЕ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА ВО НАДВОРЕШНОТО ТРГОВСКО РАБОТЕЊЕ, што ќе се одржи на 27.11.2024 година (среда), од 11:00 до 16:00 часот.

Целна група: Семинарот е наменет за: продавачи, купувачи, извозници, увозници, шпедитери, транспортери, царински застапници, царински работници, банки, осигурителни компании, трговски консултанти, адвокати, универзитети поврзани со национална и меѓународна трговија, логистичари, финансии и слично.

Предавач:

- Карло Змајшек, поседува повеќе од 30 годишно искуство во делот на шпедитерското работење. Член е на МИФА (Македонската асоцијација на мегународни шпедитери и логистички оператори) од нејзиното основање во 1993 година. Во рамките на разни проекти и унапредување на знаењата има одржано повеќе од 200 интерактивни обуки од надворешно трговското работење, најмногу за Инкотермс. Автор е на книгата „Практичен прирачник за правилата ИНКОТЕРМС 2010“. Долгогодишен член на комисијата за полагање за лиценци за царинските посредици во Царинска управа. Исто е и обучувач во програмата за обука на царинските застапници. Активен директен учесник во секојдневните шпедитерските активности и предизвици во Макпетрол А.Д. каде во моментов работи во Секторот за транспортна логистика.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
Телефон: 02 32 44 067
mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
Телефон: 02 32 44 074
anita.mitrevska@mchamber.mk



27.11.2024 , Конференција

# Покана за учество на меѓународна купувачка Б2Б мисија „Tech Industry 2024" во Рига, Латвија

Стопанската комора на Северна Македонија, како дел од Enterprise Europe Network, https://een.ec.europa.eu/, во соработка со ЕЕН Латвија, ве покануваат да земете учество на реномираниот меѓународен настан „Tech Industry 2024" којшто нуди единствена можност да запознаете многубројни латвиски компании на едно место.

За време на тридневниот настан во Рига (од 28 до 30 ноември 2024 година), саемската манифестација ќе претстави сеопфатен асортиман на производи и услуги - од компоненти до готова опрема и решенија.

Овој настан содржи саемско изложување, бизнис форум и Б2Б средби за време на кои компаниите ќе можат да одржат однапред закажани деловни состаноци со латвиските производители.

Организаторите на странските учесници им ги обезбедуваат следниве бесплатни услуги:

1. Хотелско сместување за 2 претставници по компанија за 2 ноќевања за купувачи кои ќе резервираат и присуствуваат на најмалку 5 состаноци со латвиските добавувачи и производители;
2. Влезници за саем.

Учесниците треба да резервираат и да учествуваат на однапред закажани состаноци со производителите и добавувачите на услуги (најмалку 5) како предуслов за покривање на хотелските трошоци. Само поединци со активна сметка во системот B2match https://www.b2match.com/e/international-buyers-b2b-at-techindustry можат да учествуваат на настанот.

Контакт лица:
Влатко Стојановски,
Тел. + 389(2) 3 244-004,
E-mail: vlatko@mchamber.mk

Сашка Велков,
Тел. + 389(2) 3 244-054,
E-mail: sashka@mchamber.mk

**27.11.2024 , Обука**

# БИЗНИС ИНТЕГРИТЕТ, 28 ноември 2024 година, конференциска сала во х. Капри – Битола

Стопанската комора на Северна Македонија ве поканува да се пријавите на обука на тема „Бизнис интегритет", која е дел од проектот „Граѓаните против корупцијата", финансиски поддржан од Американската агенција за меѓународен развој во Република Северна Македонија - УСАИД. Обуката има за цел да ги зајакне капацитетите на компаниите во областа на интегритетот, транспарентноста и етичкото работење, преку практични примери и алатки кои ќе помогнат да се подигне нивото на отчетност во вашето работење.

Обуките за бизнис интегритет носат значителна корист за компаниите, бидејќи интегритетот не е само прашање на етичко однесување, туку и на конкурентност на пазарот. Компаниите кои применуваат принципи на интегритет и транспарентност не само што го зајакнуваат своето внатрешно работење, туку и ја зголемуваат својата доверба кај клиентите, партнерите и инвеститорите. Воспоставувањето висок степен на деловен интегритет е од витално значење за целиот ланец на компании со кои соработувате, што придонесува за долгорочен успех и одржливост на вашето работење.

Обуката ќе се одржи во Битола, во хотел Капри (конференциска сала), на 28 ноември 2024 година. Ќе бидат опфатени следните теми:

- Вовед во бизнис интегритет: Што е интегритет и кои се придобивките за компаниите.
- Како интегритетот влијае врз компании надвор од ЕУ.
- Меѓународна и ЕУ регулатива: Преглед на регулативи од ОН, ОЕЦД, САД, ЕУ и стандардот ИСО 37001.
- Основни елементи на систем за интегритет: Како да се постави систем за интегритет во компанијата.
- Практични примери: Примена на принципите на интегритет во реални ситуации.
- Мерки за подигање на свесноста: Како да ја зголемите свесноста за интегритет кај вработените и партнерите.

Контакт лица:
Валентина Цветковска
Телефон: + 389 2 3244063
Е-пошта: valentina@mchamber.mk

м-р Никола Димковски,
Регионална канцеларија Битола
Телефон: + 389 47 225088,
Е-адреса: regiobt@mchamber.mk



**04.12.2024 , Семинар**

# SALES CLOSING - СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ, КАКО ДА СЕ ПРИВЛЕЧЕ И ЗАДРЖИ ДОБАР ПРОДАЖЕН КАДАР

*Продавачите во претпријатијата се тие кои мораат да дадат гол.*
Често се случува баш тие да ја изгубат топката и на крајот на продажниот разговор клиентот да им соопшти: "Ќе размислам уште малку! Морам да разговарам со одговорните, со шефот, соработниците,.... Пратете ни понуда по е-маил,...Ќе Ви се јавиме...".

*- Знаете, клиентите скоро никогаш нема да Ве повикаат назад.*
Такви изговори на клиентот никогаш не се вистинска причина за да не купат кај Вас.

*Во претпријатијата најчесто склучуваат продажба само 10% од клиентите со кои ќе дојдат во контакт.*
Заради неразбирањето на продажната постапка продавачот на продажниот состанок често импровизира, поради што резултатот е несигурен.

*По секој деловен разговор продавачот мора кристално јасно да знае, зошто бил успешен – или неуспешен!*
Доколку од некоја причина не бил успешен, проблем е еднаков, како доколку би бил успешен, и мора да знае зошто!

*Постои голема разлика помеѓу продажбата и склучувањето. Склучувањето значи клиентот да купи и плаќа кај Вас. Доколку продавате погрижете се и нешто да заработите.*
*Продажбата ќе Ви донесе пари само доколку продажниот разговор знаете да го склучите. Во спротивно клиентот ќе си замине кај конкуренцијата.*
*Кога ќе го разберете склучувањето ќе утврдите дека многу работи имате работено „обратно". Купувањето е емотивен чин. Доколку продажниот разговор го започнеме со потенцирање на предностите на продуктот, клиентот набрзо ќе Ве праша: „Колку чини тоа?", и каква и цена да им дадеме ќе ни одговорат „Скапо е„. И баш тука влегуваме во проблеми бидејќи почнуваме да се бориме со клиентот.*

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
Телефон: 02 32 44 067
mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
Телефон: 02 32 44 057
anita.mitrevska@mchamber.mk

**05.12.2024 , Форум**

## РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС ФОРУМ ВО НОВИ САД, СРБИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската и индустриската комора на Војводина, Агенцијата за развој на Војводина, а со подршка на Европската мрежа на претприемништво, (Enterprise Europe Network - EEN), ве покануваат да земете учество на седмиот по ред РЕГИОНАЛЕН БИЗНИС ФОРУМ, во Нови Сад, Србија.

Регионалниот бизнис форум ќе биде организиран како комбиниран настан (хибриден настан), со можност за следење на настанот со физичко присуство и онлајн.

Б2Б состаноците ќе се одржат на 20 ноември 2024 година (среда) со физичко присуство во Стопанската индустриска комора на Војводина, во Нови Сад, и од 21 ноември 2024 година до 6 декември 2024 година, Б2Б состаноци ќе се одржат онлајн.

Со цел интензивирање на економската соработка во регионот и пошироко, Регионалниот бизнис форум, Ви нуди можност да ги споделите и презентирате вашите идеи и бизнис потенцијали, да се поврзете со компании и институции кои го поддржуваат развојот на деловното опкружување, да најдете меѓународни партнери за соработка, заеднички инвестиции и заеднички пристап до трети пазари, како и размена на технологии и знаење, како и соработка во проекти копи се наменети за конкурентност и иновации, финансирани од ЕУ и други донатори.

На Регионалниот Бизнис Форум во Нови Сад, ќе учествуваат еминентни компании од регионот, како и стопански комори, агенции за регионален развој и други институции од регионот и пошироко, кои ќе даваат поддршка за развој на малите и средни компании, со цел јакнење на деловната соработка, склучување на нови договори и привлекување на инвестиции.

На учесниците ќе им биде понудена можноста да се регистрираат на Форумот и одржат Б2Б средби со компании и институции кои ќе учествуваат, во три сектори:

1. Земјоделие и прехранбена индустрија,
2. Металопреработувачка индустрија,
3. Информатички и комуникациски технологии.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска,
телефон: +389 2 3244 009,
е-адреса: irena@mchamber.mk



**10.12.2024 , Семинар**

## КАКО ЕФЕКТИВНО ДА СЕ УПРАВУВА СО ПРОЦЕСОТ НА ПРОДАЖБА И УСПЕШНО ДА СЕ ЗАКЛУЧИ ПРОДАЖБАТА ВО НОВИ ОКОЛНОСТИ

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Centar Group ДОО Белград, Р.Србија, на 10 декември 2024 година, организира еднодневна специјалистичка обука на тема: Како ефективно да се управува со процесот на продажба и успешно да се заклучи продажбата во нови околности (како размислуваат и купуваат припадниците на новата Z генерација).

За кого е наменета обуката?

Специјалистичката обука е наменета за топ менаџери, директори и раководители од сите нивоа и сектори во организацијата кои се задолжени за продажба (набавка, дистрибуција, логистика), менаџери и вработени во секторите за продажба, како и за други лица кои сакаат да ги зголемат своите продажни вештини.

Предавач:
Драгиша Ристовски (D.R. Gilbert) е еден од највлијателните и најплодните автори и тренери на теми поврзани со едукација и развој на човечки ресурси. Под псевдонимот D.R. Gilbert се објавени 23 книги (со дополнителни изданија) кои се преведени на шест јазици и пласирани преку 200.000 примероци. Во својата кариера имал прилика да одржи повеќе од 3000 обуки, семинари, работилници и конференциски настапи на кои земале учество преку 2500 компании, микро, мали и средни претпријатија од сите индустрии од десетина држави.
Има 30 години искуство во реалниот сектор од извршителски до топ менаџерски функции. Негови експертизи се областите лидерство, продажни вештини, преговарање и мотивација на вработените, а предавањата се на автентичен, исклучително енергичен начин со што константно ги мотивира и охрабрува слушателите.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 070 239 637
beti@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
102
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088